ЛУЛКА – Здружение за грижа и едукација на
бремени жени, мајки и деца Скопје
ул. Христо Смирненски бр.37/1-6 Скопје
тел. +38978377791
+38975549934

---

# Светскиот ден на предвремено породување 2017

# Извештај на активности

Настан: **#WPD2017 – Светски ден на предвременото породување – 17. Ноември 2017 (поддржано од EFCNI)**

Организација: **Лулка – Здружение за грижа и едукација на бремени жени, мајки и деца Скопје**

## Вовед

Организацијата Лулка е официјален партнер на Европската фондација за грижа за новородени (EFCNI). Организацијата Лулка го прославува Светскиот ден на предвременото породување од 2012 година. **Светскиот ден на предвремено породување се одбележува на 17 ноември** секоја година за да се подигне свеста за предвремено породување и да се подобри грижата за недоносените бебиња и нивните семејства ширум светот. Околу 15 милиони бебиња се раѓаат предвреме секоја година, статистички, околу едно на секои 10 бебиња се раѓа предвреме. Секогаш се бара итна интервенција кога станува збор за предвременото породување, со оглед на тоа што првата проценка на ниво на држави покажува дека на глобално ниво 15 милиони бебиња се раѓаат предвреме и стапките се зголемуваат во повеќето земји.

17 Ноември 2017 година - Светскиот ден на предвременото породување е можност да се обрне внимание на тежината на овој проблем, поврзан со смрт и инвалидитет и на болката и страдањето кое го предизвикува предвремено породување. Светскиот ден дава и шанса да се говори за решенијата. Оваа година темата е "Let them thrive” (Нека напредуваат), фокусирајќи се на квалитетот, еднаквоста и достоинството. На овој ден, СЗО, УНИЦЕФ и PATH објавија изјава за обезбедување правичен пристап до мајчино млеко за сите новороденчиња.

## Активности

Активности на здружението Лулка пред и за време на Светскиот ден на предвремено породување 2017:

1. Во текот на октомври и ноември, **"Лулка" споделуваше едукативни и информативни материјали** на страниците на Фејсбук "Лулка", "Премнова" и на затворената родителска Фејсбук група - Организација на мајки на предвремено родени деца, укажувајќи на целите и значењето на Светскиот ден на Предвремено породување за активностите на Lulka, активностите за Светскиот ден на предвременото породување 2017 ширум Европа, за значењето на

Светскиот ден на предвременото породување за родителите, за медицинскиот персонал во ЕИНТ и за новороденчињата родени предвреме. Веб-страницата на организацијата "Лулка" беше во изработка за време на Светскиот ден на предвременото породување, а кога ќе биде лансирана, ќе се ажурира со националните и глобалните активности за Светскиот ден на предвременото породување.

2. Фејсбук **страниците на Лулка беа брендирани во боите на Светскиот ден на предвременото породување**, а ние исто така се приклучивме и на овогодинешните глобални хаштагови на Фејсбук #WorldPrematurityDay #letthemthrive со статии во врска со грижата за семејството, опремата во ЕИНТ, потребата за промени во грижата за предвреме родените бебиња, значењето и предностите на контактот кожа на кожа (кенгурирање – Kangaroo Care), значењето на следењето по испис од болница, за проектот Стандарди за нега на новородени итн.
3. Лулка организираше и **платена промоција на постови** на Фејсбук, настани и позначајни линкови во врска со Светскиот ден на предвременото породување.
4. Лулка се приклучи и во **објавувањето на глобалниот европски статус за Светскиот ден на предвременото породување** како и графичката содржина и овогодинешните хаштагови на Фејсбук #WorldPrematurityDay #letthemthrive и објавуваше статии за појаснување на одредени термини од поголемо значење за родителите на предвреме родените бебиња.
5. На 16. Ноември Лулка издаде **специјално издание** на својот електронскиот информатор на тема Светски ден на предвременото породување.
6. Кампањата на организацијата Лулка ги вклучуваше и **основните информации во врска со проектот Европски стандарди за грижа за новородени**. Овој проект е инициран од Европската фондација за грижа за новородени (EFCNI).
7. Лулка испрати информативно писмо - **допис до новинарите и медиумите** на локално и национално ниво.
8. Лулка направи и испрати **допис до докторите** неонатолози, до претставници на професионални здруженија и други истакнати здравствени професионалци во земјата.
9. На 16. Ноември, на еден ден пред Светскиот ден на предвременото породување, нашиот тим организираше неформален **состанок за родители на недоносени деца**, кој се одржа во просториите на организацијата Лулка. Децата играа и ги боеја сликите за Светскиот ден на предвременото породување обезбедени од EFCNI.

10. Претставник од Лулка присуствуваше на годишната средба на Здружението на неонатолозите на Македонија на 17.11.2017 година во хотелот "Александар Палас". Здружението на неонатолози го обележа настанот со материјалите кои ги обезбеди EFCNI. На состанокот беше презентирана низата со чорапчиња, како симбол на поддршката за Светскиот ден на предвременото породување. Сликите обоени од предвремено родените деца од претходниот ден беа прикажани на состанокот.

**Медиумски опфат**

Акцијата за WPD2017 имаше широк опфат, иницирајќи социјални активности и промена на социјалната перцепција за недоносеноста и за Светскиот ден на предвременото породување. Специјален допис за Светскиот ден на предвременото породување беше испратен по електронска пошта на најмалку 50 новинари и

медиуми. Исто така, допис за Светскиот ден на предвременото породување беше испратен по е-пошта и на најмалку 70 медицински професионалци. Посебно издание на Електронскиот информатор на Лулка беше испратен преку меил на повеќе од 1800 регистрирани корисници. Пред и за време на Светскиот ден на предвременото породување успеавме да опфатиме голема публика преку социјалните мрежи:

- **Facebook страна Лулка (официјална страна на организацијата Лулка)**
  - Опфат (Reach) 45.371, реакција на постови 8.050, нови лајкови на страната 548, прегледи на страницата 1.148, прегледи на видеа 765, нови следбеници на страницата 551.

- **Facebook страна Премнова – креирана за родителите, администрирана од страна на организацијата Лулка**
  - Опфат (Reach) 6.187, реакција на постови 2.955, нови кликнати лајкови 40, прегледи на страницата 126, видео прегледи 35

- **Facebook група "Организација на мајки на предвремено родени деца" (Затворена група на родителите администрирана од Лулка)**
  - 1.053 членови, 33 постови од тимот на Лулка, 98 коментари од членови, 487 лајкови

Информациите потекнуваат од прегледот на статистиката на страниците на Facebook последните 28 дена пред Светскиот ден на предвременото породување. Се проценува дека вкупниот медиумски опфат на активностите на Лулка за WPD2017 е над 50.000 лица.

**Видливи социјални промени**

Денес, по многу поминати активности кои организацијата Лулка ги организираше во изминатите 5-6 години, се забележува зголемување на јавната свест за предвремено породување, како и за важноста на квалитетниот третман и нега на овие бебиња. Ова е евидентно преку присутните бројни новинарски статии, родителски лични приказни и извештаи од болници кои се појавија во медиумите, и јавниот говор за потешкотиите со кои се соочуваат овие семејства и предизвиците што лекарите и медицинските сестри ги надминуваат секој ден. Дел од овие статии може да погледнете на линковите подолу:

- http://tera.mk/svetski-den-na-predvremeno-rodenite-bebina/
- https://amm.org.mk/news/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%B4%D1%83%D0%B2/
- http://sitel.com.mk/svechena-akademija-po-povod-70-godini-klinika-za-ginekologija-i-svetski-den-na-predvreme-rodenite
- http://republika.mk/846463
- http://sitel.com.mk/den-na-predvremeno-rodenite-bitka-koja-zapochnuva-so-izleguvanjeto-od-rodilnata-sala
- http://www.mrt.com.mk/node/44616
- http://plusinfo.mk/vest/134199/-raste-brojot-na-predvremeni-poroduvanja-vo-kumanovskata-bolnica
- http://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=138137
- https://twitter.com/ZdravstvoMK/status/931605060886417409
- https://www.facebook.com/zdravstvomk/photos/a.519020931488434.1073741825.215658488491348/1632347063489143/?type=3&theater

- https://www.facebook.com/zdravstvomk/photos/pcb.1632740006783182/1632739943449855/?type=3&theater

**Покана за поддршка и соработка**

Здружението Лулка ги поканува сите родители кои имаат потреба од информации и поддршка да контактираат со нашиот тим. Се обраќаме до здравствените професионалци да ни помогнат и истовремено ги поканувамe на соработка во насока на подобрување на грижата за предвреме родените бебиња и деца, а со тоа и подобрување на исходот за овие бебиња. Ги поканувамe новинарите кои се заинтересирани за оваа тема, да контактираат со нас и ние со задоволство ќе ги понудиме нашето знаење, информации и поддршка.

Лулка, 24.11.2017
Организација Лулка – Здружение за грижа и едукација
на бремени жени, мајки и деца Скопје

Извештајот го изработи:
Ивана Јовановска – волонтер, координатор на активностите за Светскиот ден на предвременото породување 2017

ФОТОГРАФИИ од споменатите активности можете да погледнете на следната страница:


Let them thrive!
Respectful care for
the smallest.
#letthemthrive
powered by
EFCNI
#WorldPrematurityDay











